ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2017 ГОДИНА НА

# ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ
# СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

01 2018 07 10/2

**Скопје, април 2019 година**

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 24 |
| Финансиски извештаи за 2016 и 2017 година | |
| Биланс на приходи и расходи | 25 |
| Биланс на состојба | 26 |
| Преглед на промени на извори на капиталните средства | 27 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 28-30 |
| - Сметководствени политики | 30-32 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 33-40 |

Кратенки користени во извештајот:

ЕЛС - Единици на локалната самоуправа
МФ - министерство за финансии
ЗЕЛС- Заедница на единиците на локалната самоуправа
ФУК - Финансиско управување и контрола
ЗЈВФК - Закон за јавна внатрешна финансиска контрола
АКН - Агенцијата за катастар на недвижности
АПВ – Агенција за привремнеи вработувања

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Палата „Емануел Чучков“
ул. Јордан Мијалков
П.Фах 249
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: +389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број:13-254/7

Дата: 04.04.2019

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основниот буџет (637) на Општина Ѓорче Петров за 2017 година.

Ревизијата изрази неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2017 година, како и неповолно мислење за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.

Извршена е ревизија за 2009 година и издаден е извештај за финансиските извештаи со ревизија на усогласеност на Општина Ѓорче Петров сметка на основен буџет (637) во кој е изразено позитивно мислење за реалноста и објективноста на прикажаните состојби во финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеност со закони и прописи.
Во февруари 2012 година извршена е проверка на преземените мерки по дадените препораки во Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи со усогласеност за 2009 година на сметката на основен буџет (637). Со проверката е констатирано дека од дадените шест препораки три се спроведени, една не е спроведена, една препорака е во тек и една е делумно спроведена.

Со ревизијата на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај Општина Ѓорче Петров, сметка на основен буџет (637) за 2017 година, е констатирано следното:

- ревизијата утврди недоволна кадровска екипираност на одделенијата од Секторот за финансиски прашања, непостоење на сегрегација на надлежностите и состојба едно лице да се јавува во улога да изготвува, контролира и одобрува документи;

- во текот на 2017 година исплаќан е надоместок на членови на Советот на Општина Ѓорче Петров кои не присуствувале на седници на Советот. Наведените исплати не се усогласени со законските прописи;

- Советот на Општина Ѓорче Петров нема донесено Програма за јавни работи со која ќе се утврди обемот и видот на јавните работи за одржување на комунална хигиена, постапка и критериуми за ангажирање на лицата, надзор над извршување на работите, висината на месечниот надомест за ангажираните лица, период за кој би се ангажирале лицата;

- во текот на 2017 година Општината има ангажирано лица преку Агенција за привремени вработувања, истите се ангажирани за вршење на редовни работни задачи во општината и за исти работни места во период подолг од една година;

- ревизијата утврди дека во Програмата од областа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладиниот сектор за 2017 година, не се прецизирани активностите што ќе се финансираат, додека пак Годишниот извештај не дава јасен и целосен приказ за нејзина реализација;

- доделување на средства на спортски клубови се врши по барање на клубовите без спроведена постапка за финансиска поддршка и јавно објавен конкурс, а спортските клубови немаат доставено финансиски извештај и друга дополнителна документација за трошење на средствата, што упатува на ризик од намалена транспарентност и субјективност при доделување на средствата;

- во текот на 2017 година Општината има исплатено средства врз основ на склучени договори од страна на градоначаникот за вршење на услуги за воспитување и згрижување на деца во јавна установа за згрижување на деца. Склучувањето на договори во име и за корист на детската градинка не е во согласност со Законот;

- трошоците по склучени договори и доставени фактури од две локални телевизии за период декември 2016 - ноември 2017 година не се поткрепени со комплетна документација;

- Општина Ѓорче Петров нема воспоставено материјална евиденција за приемот и издавањето на материјалите (ситен инвентар, канцелариски материјали, средства за хигиена, течни горива и други материјали);

- ревизијата не се увери во реалноста на дел од трошоците од ставката Поправки и тековно одржување;

- општината нема донесено Правилник за правото, начинот и постапката за користење на средствата за репрезентација, со кое ќе се определи висината на средствата наменети за репрезентација, лицата кои имаат право на користење на средствата за репрезентација и во кои случаи може да се користи репрезентација;

- пописот на средствата и изворите на средствата со состојба на 31.12.2017 година не е извршен во целост како што е предвидено во законските и подзаконските акти;

- не е почитуван Законот за јавни набавки при дел од набавките на стоки, работи и услуги.

За утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање мерки за нивно надминување.

Во делот на нагласување на прашања за неизвесност и континуитет го констатиравме следното:

- Во јуни 2013 година Општината во својство на Јавен партнер има склучен Договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на административно деловен објект. Рокот за изградба е до 03.05.2017 година. Приватниот партнер не бил во состојба во предвидениот рок да го изгради објектот и има побарано согласност за негово продолжување. Рокот е продолжуван повеќе пати со согласност на јавниот партнер, склучени се повеќе анекс-договори во период од 26.04.2017 до 31.10.2018 година. Со последниот анекс-договор рокот е продолжен до 31.05.2019 година, а обновената банкарската гаранција е со вредност од 630.205 евра со важност до 05.12.2017 година.

Во делот на останати прашања констатиравме дека Советот на Општина Ѓорче Петров на 24.12.2018 година согласно Законот за концесии и јавно приватно партнерство, има донесено Одлука за давање на согласност за пренос на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на административно деловен објект и подземен паркинг простор и сите дополнително склучени анекс договори.

На нацрт извештајот за сметката 637 не се доставени забелешки од законскиот застапник на субјектот.

## 1. Вовед

**1.1.** Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна од 25 до 27 заедно со ревизија на усогласеност на Општина Ѓорче Петров сметка на основен буџет (637), кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

**1.2.** Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на основниот буџет (637) на Општина Ѓорче Петров за 2009 година и е изразено позитивно мислење за реалноста и објективноста на прикажаните состојби во финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеност со закони и прописи.

**1.3.** Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на Општина Ѓорче Петров застапувано од:

- Сокол Митровски, градоначалник на Општина Ѓорче Петров од 25.04.2013 до 19.10.2017 година и
- Александар Наумоски, градоначалник на Општина Ѓорче Петров од 20.10.2017 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**1.4.** Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

**2.1.** Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

**2.2.** Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на општината, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

**2.3.** Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 20.11.2018 до 20.01.2019 година кај Општина Ѓорче Петров од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Во февруари 2012 година извршена е проверка на преземените мерки по дадените препораки во Конечниот извештај за извршената ревизија на регуларност за 2009 година на сметката на основен буџет (637). Со проверката е констатирано дека од дадени шест препораки три се спроведени, една не е спроведена, една препорака е во тек и една е делумно спроведена.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија одржан на ден 24.01.2019 година.

Констатирани се следните состојби:

### 4.1. Внатрешни контроли

4.1.1. Согласно член 16 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола контролите опфаќаат процедури за овластување и одобрување, поделба на должностите за да не се овозможи едно лице во исто време да биде одговорно за одобрување, извршување, сметководство и контрола, систем на двоен потпис и ex - ante и ex post финансиска контрола.

Поради наведеното со Правилникот за систематизација на работните места во Општина Ѓорче Петров во 2012 година е направено усогласување со ЗЈВФК во делот на Секторот за финансиски прашања со предвидување на 4 одделенија со цел разграничување на задачите по одделенија и тоа: планирање, извршување и контрола. Меѓутоа со Правилникот за систематизација на работни места од 23.12.2015 година со кој е направено усогласување на планираните со пополнетите работни места, сите непополнети работни места се укинати, единствено се останати систематизираните, а непополнети работни места раководители на одделенија и овластен сметководител.

Секторот за финансиски прашања е кадровски неекипиран од 4 работни места раководители на одделение пополнето е само едно, не е пополнето и работното место за одговорен сметководител, а одделението за буџетска координација има само еден вработен помлад соработник.

Согласно горе наведеното едно лице извршува повеќе работни задачи од разни позиции, нивоа и одделенија, што доведува до ризик од немање на сегрегација на надлежностите што не е во согласност со член 16 од ЗЈВФК.

Во општината во моментот едно лице е назначено за вршење на ex-ante и ex-post финансиска контрола за проверка на законитоста и правилноста на финансиските одлуки, како и нивно одобрување или оспорување што не е во согласност со член 21 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.

Горе наведените состојби не се во согласност со одредбите на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и влијаат на зголемувањето на ризикот од грешки во работењето, плаќање по некомплетна и не контролирана документација.

**Препорака:**

Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров да преземе активности за екипирање на оддеделенијата во Секторот за финансиски прашања и назначување на одговорен сметководител со цел да се изврши поделба на должностите за одобрување, извршување, сметководство и контрола.

### 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Во текот на 2017 година исплатен е надоместок во износ од 294 илјади денари на членови на Советот на Општина Ѓорче Петров кои не присуствувале на седници на Советот. Наведеното не е во согласност со член 29-г од Законот за плата и другите надоместоци на избрани и именувани лица во РМ, каде е предвидено месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот да се намалува за 30% за секое отсуство од седница, а надоместок не се исплатува доколку членот на Советот не присуствувал на ниту една седница во тековниот месец. Исплатата се врши врз основ на месечни списоци за исплата изготвени од страна на претседателот на Совет, за сите советници без да се земат во предвид евиденционите листи за присуство на седниците.
Исплатите кои не се усогласени со законските прописи придонесуваат за ненаменско и незаконско трошење на буџетските средства и зголемени расходи за Општината.

**Препорака**
Градоначалникот на општината да преземе мерки и активности исплатата на надоместоците на советниците да се врши согласно законските прописи и присуството на седниците.

4.2.2. Врз основ на Програма за комунални дејности[1] на Општина Ѓорче Петров, во текот на 2017 година по основ на склучени договори на дело исплатени се средства во износ од 6.817 илјади денари. За таа намена општината има склучено поединечни месечни договори со 62 лица[2] за вршење на јавни работи за одржување на комунална хигиена на нејзината територија. Од вкупниот број на ангажирани лица 50 извршуваат работни задачи за одржување на јавна хигиена, а останатите 12 извршуваат работни задачи за обезбедување на реонски парк, водовод, подрачно училиште, депонија и спортски игралишта. Ангажираните лица за работниот ангажман добиваат различен надоместок кој се движи од 6 до 20 илјади денари.
Со извршениот увид во документацијата ревизијата утврди дека советот на Општина Ѓорче Петров нема донесено Програма за јавни работи со која ќе се утврди обемот и видот на јавните работи за одржување на комунална хигиена, постапка и критериуми за ангажирање на лицата, надзор над извршување на работите, висината на месечниот надомест и период за кој би се ангажирале лицата. Ангажирањето на лица за извршување на јавни работи преку договор

[1] Програма за комунални дејности на Општина Ѓорче Петров за 2017 година - Подпрограма Ј4-Програма за јавна чистота.
[2] бројот на ангажирани лица во текот на годината по месеци е различен

на дело Општината не го спровела во согласност со членовите 84 и 85 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност кој предвидува јавните работи да се распишуваат јавно и под еднакви услови да бидат достапни за сите невработени кои се пријавени во Агенцијата за вработување.

Ангажирањето на лица за вршење на обезбедување не е во согласност со општите одредби за договор за дело односно член 619 од Законот за облигациони односи каде е предвидено ангажирањето на лице по основ на договор на дело да се однесува за вршење на определена работа еднократно.

Ваквиот начин на постапување не е во согласност со законската регулатива, придонесува за намалена транспарентност и субјективност при изборот на лицата.

**Препораки:**

- Одговорното лице во општината да преземе активности за донесување на Програма за јавни работи, со која ќе се регулира ангажманот на лицата кои ја одржуваат јавната чистота на подрачјето на општината;
- Одговорното лице во општината согласно потребите и можностите да врши вработување на потребен број на лица за обезбедување согласно Правилникот за систематизација на работните места или обезбедувањето на утврдените локации да се врши од страна на Агенција за обезбедување.

4.2.3. Во текот на 2017 година од страна на Општината ангажирани се лица преку Агенција за привремени вработувања (АПВ) и за таа намена исплатени се средства во вкупен износ од 5.526 илјади денари. Бројот на отстапени работници преку АПВ во текот на 2017 година се движи од 15 до 17 лица, а истите се ангажирани за вршење на редовни работни задачи во општината и тоа за извршување на работи на работни места од кои дел се, а дел не се предвидени со Правилникот за систематизација на работните места. Исто така дел од ангажираните лица се континуирано ангажирани за вршење на исти работи во период подолг од една година, што не е во согласност со член 4 од Законот за агенции за привремени вработувања каде е предвидено отстапувањето на работник од страна на Агенцијата на друг работодавач да се врши во случај на замена на привремено отсутен работник, привремено зголемен обем на работа, сезонска работа, работа на проект, специфични неконтинуирани работи и непредвидливи краткотрајни активности.

Привремените вработувања кои не се во согласност со законски пропишаната рамка за вработување, имаат за ефект намалена транспарентност при вработувањата, субјективност во изборот на лица и нивна повластена положба во постапката за редовно вработување.

**Препорака**

Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров привремените вработувањата во Општината да ги врши во согласност законски пропишаната рамка.

4.2.4. Согласно Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладиниот сектор за 2017 година предвидено е извршување на повеќе активности и тоа:

- А - Традиционални спортски активности и манифестации распоредени во 8 точки, за кои во Годишниот извештај за реализација на програмата не е даден преглед на реализирани средства по однос на спроведените активности;
- Б-Поддршка на невладини организации, спортисти и спортски клубови - програми и проекти на останати спортски организации од интерес на општината. Во извештајот активностите се табеларно преземени од Програмата при што не е дадено појаснување дали истите се реализирани и
- В- Поддршка за дополнителни неутврдени активности за финансирање на програми, проекти, активности и манифестации кои не се опфатени со претходните две точки, а кои со својата актуелност, атрактивност, значење и квалитет во текот на годината и по повод празникот на општината би придонеле за остварување на програмските цели во областа на спортот. Овие активности се финансирани и реализирани врз основа на донесена одлука на Советот за поддршка на ФК, КУП Турнир во мал фудбал. Од страна на спортските клубови доставени се само барања до општината и истите немаат доставено финансиски извештај и друга дополнителна документација.

Во Програмата само за активностите под точка Б е предвидено објава на јавен повик додека пак за активностите под точка В стои дека средствата од буџетот се распоредуваат на основа на програмата што не е во согласност со Законот за друштва и здруженија и Законот за спорт.

Имајќи го во предвид горенаведеното сметаме дека Годишниот извештај не дава јасен и целосен приказ за реализација на Програмата за активностите на Општината во областа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладиниот сектор за 2017 година, што придонесува до ризик од намалена транспарентност при трошењето на буџетските средства

**Препорака**

Градоначалникот да преземе мерки и активности:

- Програмата во областа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладиниот сектор да ја прецизира реализацијата на активностите што ќе се финансираат;

- Годишниот извештај за реализацијата на Програмата да биде целосен и да обезбеди споредбен приказ на реализирани/предвидени активности односно наративен и финансиски дел.

4.2.5. Од ставката Трансфери до спортски клубови врз основ на точка В - Поддршка за дополнителни неутврдени активности, од Програмата за спорт и рекреацијата и поддршка на невладиниот сектор во 2017 година исплатено е 612 илјади денари за реализација на активности од областа на спортот и рекреацијата. Исплатите се однесуваат по повод празникот на општината и остварување на програмските цели во областа на спортот. При увид во документацијата ревизијата ги констатира следните состојби:

- доделувањето на средствата на спортски клубови се врши по барање на клубовите без спроведена постапка за доделување на средства за финансиска поддршка и јавно објавен конкурс, а спортските клубови немаат доставено финансиски извештај и друга дополнителна документација, и
- Советот на Општината во 2009 година има донесено акт Правилник со критериуми за доделување парична поддршка и спонзорства од повеќе области меѓу кои е спорт и млади, но не и акт со кој поблиску ќе ги уреди условите за распределба и користење на средствата кои ќе се доделуваат на спортските клубови и здруженија.

Сите наведени состојби упатуваат на ризик од намалена транспарентност и субјективност при доделување на средствата на спортските клубови што не е во согласност со член 22а од Закон за спортот, член 49 став 5 од Законот за здруженија и фондации и член 26 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

Правилник за условите и начинот за доделување на финансиски средства за поддршка на јавните дејности во општината е донесен во април 2018 година.

**Препорака**

Градоначалникот да преземе мерки и активности:

- доделувањето на средствата да се врши врз основ на спроведена постапка, јавно објавен конкурс и склучени договори со корисниците на средствата и
- стручните служби во Општината од субјектите корисници на средствата да обезбедат деловен и финансиски извештај за реализација на доделените средства.

4.2.6. Во текот на 2017 година Општината има исплатено средства во износ од 763 илјади денари, врз основ на договори за вршење на услуги за воспитување и згрижување на деца во ЈОУДГ Росица Ѓорче Петров Скопје. Бројот на ангажирани

лица со кои градоначалникот склучил договор за воспитување и згрижување на деца во текот на годината е различен и се движи од 6 до 13 лица, и го опфаќа периодот мај-декември 2017 година. Склучувањето на договори во име и за корист на детската градинка е спротивно на член 143 од Законот за заштита на деца, со кој е дефинирано дека засновањето на работен однос е во надлежност на општинските јавни установи. Од страна на директорот на градинката заради потребата на родителите и донесената Одлука на Советот во декември 2016 година за давање на согласност за поголем број на деца во групите на градинката, доставено е известување до градоначалникот за продолжување на договорите на 13 лица кои се ангажирани во градинката, а за кои и покрај непополнетите и упразнети работни места согласно Правилникот за систематизација на работните места, не е добиена согласност од Министерството за труд и социјална политика. Утврдените состојби кои не се во согласност со законски пропишаната рамка за вработување, укажуваат на нетранспарентност и субјективно постапување при ангажирање на лицата.

**Препорака**
Одговорното лице на општината да преземе мерки финансирањето на надлежноста заштита на децата да се врши согласно законски пропишаната рамка.

4.2.7. Во текот на 2017 година од ставката Други оперативни расходи исплатени се средства во износ од 613 илјади денари, по склучени договори и доставени фактури од две локални телевизии за период декември 2016 - ноември 2017 година. Исплатите се однесуваат за закуп на термини за телевизиско емитување на програма за информирање на граѓаните за работата на органите на општината и за информации кои имаат јавен карактер, а опфаќаат: емитување на прилози, емитување на разговори и архивски видео материјал.

Ревизијата не се увери во реалноста на направените трошоци од причина што не и беа презентирани докази со кои можеше да се потврди веродостојноста и реалноста на направените трошоци, односно кон фактурите не се приложени медиа планови и термински планови со кои ќе се потврди извршената работа за фактурираниот износ. Фактурите го содржат месечниот износ утврден со договорот, без да се наведе бројот на емитувања со доказ за извршената услуга, што не е во согласност со член 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, каде е пропишано дека внесувањето на податоците во деловните книги на буџетите и буџетските корисници мора да се заснова на веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи.

**Препорака:**
Надлежните органи на Општината да преземат мерки и активности плаќањето на услугите да се врши врз основ на целосна и веродостојна документација, а при трошењето на буџетските средства да се почитуваат принципите на економичност и ефикасност.

4.2.8. Во 2017 година Општина Ѓорче Петров има евидентирано расходи за репрезентација во вкупен износ од 2.589 илјади денари. Расходите се за хотелско сместување за гости на општината, организирање на коктели за прослави, надворешен кетеринг и ресторански услуги, согласно склучен договор со избраниот економски оператор. Со увид во документацијата ревизијата ги констатира следните состојби за исплатени средства за реперезентација и тоа:

- 650 илјади денари за угостителски услуги за членови и гости на советот и 168 илјади денари за гости на градоначалникот без да се наведе поводот по кој е извршено користењето на угостителски услуги и корисниците на услугата;
- 658 илјади денари за угостителски услуги по повод верски и културни настани;

  Исплатата на средствата за репрезентација се врши по фактури кои се поткрепени со спецификации за направените расходи, меѓутоа најголем дел од спецификациите содржат ставки за храна и пијалаци на вкупен износ, без наведена количина и поединечна цена со што ќе може да се потврди фактурираниот и договорниот износ.
- Исплатени се средства за хотелско угостителски услуги во износ од 585 илјади денари за 38 лица, гости на општината од збратимени општини од Словачка, Бугарија и Србија по повод празникот на општината, без да се наведе активноста во соодветна програма на советот, со предвидени средства и извештај за реализираната активност;
- Општината исто нема донесено интерен акт со кој ќе се регулира правото, начинот и постапката на користење на хотелско угостителски услуги и поводот за користење на репрезентација.

Ваквиот начин на признавање на расходите без соодветна документација не е во согласност со член 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, член 37 и член 37 - в од Законот за буџетите и член 26 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, каде е пропишано дека внесувањето на податоците во деловните книги на буџетите и буџетските корисници мора да се заснова врз веродостојни, вистините и уредни сметководствени документи, а користењето на одобрените средства да се врши наменски и во согласност со одобрените средства во буџетот на општината.

**Препорака**
Одговорното лице на општината да донесе акт со кој ќе се регулира користењето на хотелско угостителски услуги, а трошоците да се засноваат на веродостојни и уредни сметководствени документи, со почитување на начелото на економично и ефикасно трошење на буџетските средства.

4.2.9. Во текот на 2017 година од програмата Музичка и сценска уметничка дејност исплатени се средства во износ од 582 илјади денари за озвучување и културно уметничка програма (сценарио, водители и естрадни уметници) по повод прославата на Денот на Крстот-Кучково и Празникот на општината. Со увид во документацијата ревизијата утврди дека во Програмата на општината Ѓорче Петров во областа на културата и поддршката на невладиниот сектор за 2017 година од сметката на договорни услуги предвидени се средства во износ од 90 илјади денари без да се наведе за кои конкретни активности се однесуваат. Во текот на годината од страна на Советот не е донесена Програма за измена и дополнување на програмата со која би се предвиделе средства и за сценарио, водители и естрадни уметници. Годишниот извештај за реализација на програмата , ги содржи исплатите за споменатите активности, но истиот не дава податоци за потрошените средства по настани, на начин како што е предвидено со Програмата. Ваквиот начин на признавање на расходите не е во согласност со член 37 и 37-в од Законот за буџетите и член 26 од ЗФЕЛС каде е пропишано дека користењето на средствата се врши наменски и во согласност со одобрените средства во буџетот на општината.

**Препорака**
Градоначалникот на општината да преземе мерки и активности исплатата на средствата да биде согласно предвидените активности во Програмата.

**4.3. Финансиски извештаи**

4.3.1. Со извршената ревизија на расходите за набавка на материјали (ситен инвентар, канцелариски материјали, средства за хигиена како и други материјали) во износ од 1.870 илјади денари, констатиравме дека Општина Ѓорче Петров нема воспоставено материјална евиденција за приемот и издавањето на материјалите, односно набавените материјали не се евидентираат преку сметките на залиха на материјали и останат капитал со што ќе се обезбеди евиденција за истите. Не е извршен попис на залихите на материјали со состојба на 31.12.2017 година со што не е потврдена фактичката состојба со која располага Општината. Поради наведеното Општината нема целосен увид во залихите и реалниот трошок на истите, состојба која не е во согласност со член 6, 7, 19 и 21 од

Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и има за ефект ризик од нереално и необјективно искажување на позициите на залихи на материјали и останат капитал во Билансот на состојбата.

Во текот на ревизијата во 2018 година воведена е материјална евиденција поради што ревизијата недава препорака.

4.3.2. Во текот на 2017 година набавено е масло за греење во вредност од 310 илјада денари, за потребите на административните згради на општината. Набавката на маслото за греење во сметководствената евиденција не се евидентира како залиха на материјали, ниту за потрошените количини се евидентира како потрошок. На крај на годината пописната комисија нема извршено попис, со што е оневозможен увид со кои количини на нафтени деривати располага Општината, како и следење на потрошените количини гориво.

Ваквата состојба оневозможува реално следење на потрошувачката на масло за греење, што не е во согласност со одредбите на член 19 и 21 од Закон за сметководство за буџетите и буџетските корисници и член 29 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.

**Препорака**

Надлежните служби во Општината да преземат мерки и активности за правилно евидентирање на маслото за греење во сметководствената евиденција, како и вршење на попис на истото заради реално утврдување на потрошените количини.

4.3.3. Советот на Општина Ѓорче Петров на 10.03.2017 година донел Одлука за пренесување на сопственоста на 23 преносни компјутери и мобилни телефони на членовите на Советот без надомест. Набавната вредност на преносните компјутери е 765 илјади денари, исправката на вредноста 535 илјади денари и сегашната вредност 230 илјади денари. Согласно Извештајот за попис за 2017 година, утврден е кусок на 3 мобилни телефони кои имаат сегашна вредност од 39 илјади денари од причина што не се водела сметководствена евиденција и не е издаден реверс за задолжување како и на 23 преносни компјутери лаптопи за кои Советот донел Одлука за пренос на сопственоста. Со состојба на 31.12.2017 година, по усвојување на Извештајот за попис извршен е отпис во сметководствената евиденција на мобилните телефони и преносните компјутери.

Донесената Одлука од Советот на Општината не е во согласност со одредбите од Законот за располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост како и со член 64 и 66 од Законот за локална самоуправа каде е утврдено дека Општината со сопственоста располага како добар домаќин и стварите во сопственост на општината може да се продаваат по пат на

електронско јавно наддавање.

Ваквото постапување има за ефект носење на Одлука штетна по имотот на општината, за остварување на лични цели.

**Препорака:**

Градоначалникот на општината да презема мерки и активности за испитување на уставноста на одлуките на Советот на Општината во случај кога со истите се постапува незаконски и се нанесува штета по имотот на Општината.

4.3.4. Со увид во извештајот за извршен попис на средствата, побарувањата и обврските на општината, со состојба 31.12.2017 година ревизијата го утврди следното:

- во Извештајот од извршениот попис наведени се обврски на општината со состојба на 31 декември 2017 година, за истите не е презентирана спецификација со старосна структура и утврдување на правниот основ за постоење на истите;
- не е извршен попис на други материјални средства – споменици.

Од горенаведената состојба се констатира дека пописот на средствата и изворите на средствата со состојба на 31.12.2017 година не е извршен во целост како што е предвидено во одредбите на член 21 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и член 21-35 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

**Препорака**

Надлежните служби навремено да преземат мерки и активности за извршување на пописот на начин предвиден согласно законските и подзаконските акти за да се обезбедат податоци за усогласување на сметководствената со фактичката состојба.

**4.4. Користење на средствата согласно законски прописи**

4.4.1. Со увид во сметководствената документација на ставката Поправки и тековно одржување, ревизијата не се увери во реалноста на трошоците во износ од 14.390 илјада денари кои се однесуваат за тековното одржување на улично осветлување - 5.875 илјада денари, одржување на објекти за спорт и рекреација – 2.779 илјада денари, одржување на урбана опрема – 798 илјада денари, одржување на улици и патишта - 4.398 илјада денари и одржување на згради 540 илјада денари, поради тоа што надлежните во општината не вршат уредно и ажурно евидентирање на работните налози, односно работните налози не се архивираат во деловодникот. Работните налози како задолжителен документ

произлегуваат од член 6 на договорите склучени помеѓу општината и економските оператори во кои е регулиран начинот како ќе се извршуваат работите/услугите, односно пред отпочнување на работите надлежните служби од општината треба да дадат работен налог во писмена форма за извршување на конкретна работа од носителот на набавката.

При увид во документацијата за тековно одржување на улично осветлување и електроинсталации се констатира дека до септември 2017 година не се издадени работни налози во писмена форма пред отпочнување на извршување на услугите, туку налози за работа се дадени преку телефон.

Вработениот задолжен за надзор на тековното одржување на улично осветлување има дадено изјава во која изјавува дека од 14.09.2016 нема издадено ниеден работен налог на носителот на набавката.

Оваа состојба не е во согласност со член 12 од Закон за сметководство на буџетите и буџетските корисници како и член 8 од Уредбата за канцелариско и архивско работење како и член 6 од склучените договори.

Ваквиот начин на работење може да влијае на објективноста и реалноста на трошоците како и на наменско и законско користење на средствата од буџетот на општината.

**Препорака**

Одговорните лица на Општина Ѓорче Петров да преземат мерки и активности за:

- постапување во согласност со регулираните активности во потпишаните договори и
- уредна и ажурна евиденција на целокупната документација

**Јавни набавки**

Со цел уверување во усогласеноста на користењето на средствата на Општината за 2017 година со Законот за јавни набавки, извршивме ревизија на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки од аспект на законските барања: обезбедување на конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и рационално и ефикасно искористување на средствата, како и реализацијата на доделените договори за јавни набавки.

Со ревизијата беа опфатени вкупно 14 постапки за јавни набавки спроведени во текот на 2017 година. Вредноста на договорите во ревидираните постапки изнесува 41.282 илјади денари што опфаќа 52% од вкупната вредност на доделените договори.

4.4.2. Во 2017 година Општината спровела постапка за угостителски услуги, ноќевања и коктели за прослава и склучила договор со единствениот економски оператор во вредност од 1.800 илјади денари. Набавката е деллива и согласно техничката спецификација се состои од 2 дела при што секој дел е составен од повеќе ставки и тоа: Дел1 –Ноќевање, коктели за прослави, надворешен кетеринг, пансионски и вонпансионски ручек или вечера и користење на сала за потребите на општината и Дел2 –ресторански услуги – за приготвување и служење храна (појадок и ручек) и пијалоци, со претходно утврдено мени.

Вака изготвената техничка спецификација каде што нема издвојување на хотелските од угостителските услуги и користење на сала во посебни делови е спротивна на член 15 став 6 од Законот за јавни набавки и има за ефект ограничување на конкуренцијата на само еден економски оператор.

**Препорака**

Надлежните служби, тендерските документации и техничките спецификации каде што има поделба на предметот на набавката во повеќе посебни истоветни делови да ги изготвуваат во согласност со пишаните норми во законската регулатива.

4.4.3. Во септември 2016 година согласно Годишниот план за ЈН Општината спровела постапка за зимско одржување на локални патишта и улици на територијата на општина Ѓорче Петров за сезона 2016/2017 и склучила договор со избраниот економски оператор во вкупен износ од 1.947 илјади денари. Во март 2017 година спроведена е нова дополнителна постапка за зимско одржување за истата сезона надвор од редовната предвидена во планот за 2017 година во износ од 1.000 илјади денари со образложение дека заради екстремно ниските температури и снежни врнежи средствата од склучените договори се потрошени, па од тие причини потребно е да се склучи нов договор за да не настанат непредвидени временски непогоди.

Овој договор е целосно реализиран преку 2 ситуации за месец април и мај 2017 година за зимско одржување. Со оглед на тоа дека зимската сезона завршува на 15 март ревизијата не се увери во реалноста на трошоците по овој основ.

Спроведување на постапка за зимско одржување и реализација на истата по завршување на зимската сезона не е во согласност со член 32 и 33 од Правилникот за мерки за одржување на јавните патишта, начинот и роковите на нивно извршување, како и видот и начинот на извршување на активностите за редовно, зимско, периодично и интервентно одржување на јавните патишта и создава ризик за зголемени трошоци и ненаменско користење на средствата.

**Препорака**

Надлежните органи на управување и раководење на општината да преземат мерки и активности со кои ќе се овозможи зимското одржување на општинските патишта и улици да се извршува на начин со кој ќе се обезбеди функционирање на истите и безбедност на сообраќајот во зимскиот период согласно законските прописи.

4.4.4. Во 2016 година општината спровела постапка за поправка и сервисирање на товарни и патнички моторни возила со замена на резервни делови - деллива набавка од 6 дела и за сите делови склучила договор со еден економски оператор во вкупен износ од 1.450 илјади денари. Со увид во приложената документација од спроведената постапка ревизијата го констатира следното:

- избраниот економски оператор доставил образец на понуда во кој нема наведено информации за кој понудувач се работи, при што Комисијата за ЈН во фазата на евалуација побарала дополнување на понудата со овие податоци, што е спротивно на точка 11.7 од тендерската документација и член 140 став 4 од ЗЈН каде што е предвидено дека никакви промени во техничката и финансиската понуда не смеат да се бараат, нудат или да се допуштаат од страна на комисијата, освен појаснување на понудата по претходно писмено барање на комисијата и исправка на аритметички грешки;
- понудата односно техничката спецификација на избраниот економски оператор за сите 6 дела содржи 497 ставки од вкупно 816 ставки со многу ниски цени (единечни цени од по 10 и 20 денари за набавка, демонтажа и замена на одреден дел од возило), цени кои се значително пониски од реалните цени на пазарот. Согласно член 163 од ЗЈН доколку одделна понуда содржи невообичаено ниска цена која е значително пониска од реалната пазарна цена, што предизвикува сомнеж дека договорот ќе биде извршен, договорниот орган од понудувачот бара докази за оправдување на цената на понудата. Во прилог на досието од спроведената постапка за јавна набавка нема потврда дека договорниот орган постапил согласно наведената законска одредба.

Непочитувањето на одредбите од Законот за јавни набавки упатува на констатацијата дека не е обезбедена конкуренција, еднаков третман на економските оператори како и транспарентност, јавност и рационално и ефикасно искористување на средствата.

**Препорака**

Градоначалникот да преземе мерки за доследно почитување и примена на одредбите од Законот за јавни набавки со што ќе се обезбеди фер конкуренција,

еднаков третман на економските оператори и недискриминација, транспарентност и јавност.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупен ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење, во точките 4.2. 4.3. и 4.4 се однесуваат на исплатен надоместок на членовите на Советот кои не присуствувале на седници; Советот нема донесено Програма за јавни работи со која ќе се утврди обемот и видот на јавните работи; ангажирани се лица преку АПВ, за вршење на редовни работни задачи работи во период подолг од една година; Програмата во областа на спортот ги нема прецизирано активностите што ќе се финансираат; не се води материјална евиденција на материјалите; надлежните во општината не ги архивираат работните налози, кои се задолжителен документ од договорите за реализација на услугите; општината нема донесено Правилник за репрезентација, незаконско постапување на Советот на општината со носење на одлуки штетни по нејзиниот имотот, спроведена е постапка за зимско одржување по завршување на зимската сезона; спроведена е деллива постапка за угостителски услуги, ноќевања и коктели за прослава, преку техничка документација каде не е извршено издвојување на хотелските од угостителските услуги.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.3, финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Општина Ѓорче Петров –сметка на основен буџет (637) на ден 31 декември 2017 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.2. и 4.4., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Општина Ѓорче Петров –сметка на основен буџет (637), не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Во текот на ревизијата спроведена е корекција од страна на одговорното лице на Општина Ѓорче Петров во НЗК бр.1 од 01.01.2018 година, заради сложување на сметката 924 – други кредити во земјата со докнижување на две ситуации во износ од 8.286 илјади денари.

6.2. На 26.06.2013 година Општина Ѓорче Петров во својство на Јавен партнер (ЈП) има склучен Договор за воспоставување на јавно приватно партнерство (ЈПП) за изградба на административно деловен објект (АДО). Од предвидената бруто површина од 15.000 метри квадратни, 24% односно 3.600 метри квадратни и 40 паркинг места од објектот припаѓа на ЈП - Општина Ѓорче Петров, а 76% односно 11.400 метри квадратни на Приватниот партнер (ПП).
На 29.01.2015 година, е склучен Анекс-договор кон основниот договор, со кој се определени реалните делови кои треба да припаднат на Јавниот и Приватниот партнер. Рокот за изградба на административно-деловната зграда согласно договорот изнесува 30 месеци сметано од денот на правосилноста на одобрението, односно до 03.05.2017 година.
На ревизијата и е укажано дека ПП од субјективни и објективни причини не бил во состојба во предвидениот рок да го изгради објектот, затоа пред истекот на рокот побарано е од ЈП да му даде согласност за негово продолжување.
Рокот е продолжуван повеќе пати со согласност на ЈП, односно со одлуки на Советот на Општината и притоа се склучувани повеќе Анекс-договори во период од 26.04. 2017 до 31.10.2018 година[3].
Со последниот Анекс – договор рокот за изградба на административната зграда на општината е продолжен до 31.05.2019 година, а обновената банкарската гаранција е со вредност од 630.205 евра со важност до 05.12.2017 година.
Општина Ѓорче Петров, поради непочитување на рокот за изградба на објектот, ја има активирано банкарската гаранција и има наплатено износ од 240.000 евра.

- [3] Анекс-договор број 03-1214/1 од 26.04.2017 година;
- Анекс-договор број о3-1790/5 од 4.10.2017 година;
- Анекс-договор број 03-617/1 од 16.02.2018 година и рок на изградба е до 31.05.2018 и банкарска гаранција во износ од 390 илјади евра во рок од 20 работни дена.
- Анекс-договор број 03-999/1 од 15.03.2018 година; рок на изградба е до 31.05.2018 и банкарска гаранција во износ од 390 илјади евра во рок од 40 работни дена.
- Анекс-договор број 03-999/2 од 18.04.2018 година; рок на изградба е до 31.05.2018 и банкарска гаранција во износ од 390 илјади евра во рок до 31.05.2018.
- Анекс-договор број 03-1880/2 од 31.05.2018 година и рок на изградба е до 31.10.2018 и банкарска гаранција во износ од 390 илјади денари во рок од 3 месеци од потпишување на договорот со важност од 31.10.2018 година.

Поради немање на банкарска гаранција по периодот од 05.12.2017 година договорено е ПП на ЈП да му исплати 390.000 евра договорна казна за периодот од 05.12.2017 година до 11.03.2018 година, кој износ е остатокот од банкарската гаранција. Исто така приватниот партнер има обврска да исплати на ЈП 934.000 евра договорна казна за непочитување на рокот за изградба за период од 12.03.2018 година, до 31.10.2018 година.
За наплата на напред наведените износи е поднесено барање за извршување до надлежен извршител и е издаден налог за извршување. Направена е прибелешка во листот за предбележење во Агенцијата за катастар на недвижности Скопје.

6.3. Обрнуваме внимание дека Општина Ѓорче Петров се јавува во својство на тужена страна по разни основи во 31 поведени судски постапки врз основа на кои од општината се побарува вкупна вредност од 20.795 илјади денари. Поради тоа што станува збор за судски постапки што се водат пред надлежните судови, до денот на ревизијата конечниот исход од истите не е познат, постои неизвесност од дополнително оптоварување на проценетиот износ со камати и судски трошоци, што може значително да влијае и да ја оптерети Општината во идниот период.
Истовремено, општина Ѓорче Петров се јавува во својство на тужител во 77 судски постапки во кои побарува вкупна вредност од 15.223 илјади денари.

## 7. Останати прашања

7.1. Советот на општина Ѓорче Петров[4] по барање на ПП на 24.12.2018 година има донесено Одлука за давање на согласност за пренос на договорот за воспоставување на ЈПП за изградба на административно-деловна зграда (АДО) и подземен паркинг простор и сите дополнително склучени анекс договори.
Врз основа на Одлуката на Советот на ден 26.12.2018 година, е склучен Договор[5] за пренос на договорот за воспоставување на ЈПП за изградба на АДО и подземен паркинг простор и сите дополнително склучени анекс договори, солемнизиран на 28.12.2018 година.
Со пренос на договорот за ЈПП за изградба на АДО и подземен паркинг простор и сите склучени Анекс договори, настанува промена на ПП, при што истиот ги презема сите права и обврски кои произлегуваат од Договорот за ЈПП и сите дополнително склучени анекс договори, како и спрема ЈП така и спрема трети лица кои имаат стекнати свои права и обврски од сите наведени договори.
Новиот ПП по склучување на договорот презема обврска во целост да ги заврши градежните работи на Административно деловниот објект (АДО) согласно одредбите од основниот договор и тоа:

[4] Согласно член 42 став 1 и 3 од Законот за кнцесии и Јавно приватно партнерство.
[5] Член 42 од Законот за концесии и Јавно приватно партнерство.

- За делот на АДО кој согласно основниот договор треба да припадне на ЈП - Општина Ѓорче Петров, односно изградбата, набавката и поставувањето на целокупниот мебел и друга опрема да го заврши до 31.05.2019 година.
- Делот на АДО кој согласно основниот договор треба да припадне на ПП, должен е изградбата да заврши до 31.12.2019 година.
- ПП за навремено и квалитетно извршување на овој Договор го гарантира со безусловна банкарска гаранција во износ од 300.000 евра која треба да биде доставена најдоцна до 1 февруари 2019 година. (износот се уште не е уплатен).
- ПП има обврска да исплати на Општина Ѓорче Петров износ од 390.000 евра на име договорна казна по пресметка од 10.12.2018 година, најдоцна до 01.02.2018 година. (износот се уште не е уплатен).
- ПП треба да исплати 934.000 евра, на име договорна казна, износ кој треба да се исплати на рати по барање на ЈП најдоцна до 31.12.2019 година.
- ПП ги презема прибележаните обврски за што е е одговорен претходниот ПП, евидентирани во Агенција за катастар на недвижности Скопје.
- Договорните страни се согласни Договорот да има сила на извршна исправа, односно да може да се спроведе присилно извршување врз целокупниот имот преку надлежен извршител доколку не ги исолни во целост своите обврски.

Во тек е постапка за промена на инвеститор во Одобрението за градење врз основа на кое ќе се изврши предбележување во Агенцијата за катастар на недвижности Скопје.

Ревизијата сака да нагласи дека во постојното законско решение постои системска слабост и тоа:

Согласно Законот за концесии и Јавно приватно партнерство[6] **во членот 42** е **пропишано,** „*Договорот за концесија на добра од општ интерес или договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство може да се пренесе со писмена согласност од концедентот, односно јавниот партнер, под услови утврдени во договорот и без нарушување на времетраењето на договорот, доколку со посебен закон поинаку не е предвидено”.*

Во наведениот Закон не е пропишан начинот на промена на приватниот партнер што представува рзик од немање на транспарентност и јавност на преносот и избор на нов ПП.

Со цел да се обезбеди транспарентност и јавност во постапката на пренос на ЈПП и промена на ПП, ревизијата смета дека е потребно да се изврши измена и дополнување на законското решение во функција на надминување на истакнатите слабости.

[6] Законот за концесии и Јавно приватно партнерство Сл. весник бр. (6/12, 144/14, 33/15 , 104/15 и 215/15).

**Општина Ѓорче Петров**

**Сметка на основен буџет (637)**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2017 година**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образложение | 2017 | 2016 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 177.394 | 164.645 |
| **Вкупно приходи** | | **177.394** | **164.645** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 34.662 | 33.106 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 1.091 | 507 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 87.902 | 85.401 |
| Каматни плаќања | 3.2.4. | 96 | 153 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.5. | 5.107 | 3.497 |
| Социјални бенефиции | 3.2.5. | 2.144 | 2.112 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **131.002** | **124.776** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 35.841 | 29.318 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **35.841** | **29.318** |
| **Отплата на главнина** | 3.4. | **10.551** | **10.551** |
| **Вкупно расходи** | | **177.394** | **164.645** |

**Општина Ѓорче Петров**

**Сметка на основен буџет (637)**

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

| | | | **во 000 денари** |
|---|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **Образло-жение** | **2017** | **2016** |
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | | 118.504 | 124.562 |
| **Вкупно тековни средства** | | **118.504** | **124.562** |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | | 180 | 180 |
| Материјални средства | | 69.465 | 34.638 |
| **Вкупно постојани средства** | | **69.645** | **34.818** |
| **Вкупна актива** | | **188.149** | **159.380** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | | 24.747 | 19.814 |
| Краткорочни финансиски обврски | | 309 | 314 |
| Обврски спрема државата и други институции | | 2.197 | 2.673 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | | 4.923 | 4.882 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **32.176** | **27.683** |
| **Долгорочни обврски** | | **86.392** | **96.944** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | | 67.848 | 33.104 |
| Ревалоризациона резерва | | 1.733 | 1.649 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **69.581** | **34.753** |
| **Вкупна пасива** | | **188.149** | **159.380** |

**Општина Ѓорче Петров**

**Сметка на основен буџет (637)**

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2017 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2017 година** | 33.104 | - | 33.104 |
| **Зголемување по основ на:** | 36.621 | 1.533 | 38.154 |
| Набавки | 36.621 | 1.533 | **38.154** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | - |
| Ревалоризација на капитални средства | | | - |
| **Намалување по основ на:** | **1.877** | 1.533 | 3.410 |
| Отпис на капитални средства | | 1.533 | **1.533** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | - |
| Амортизација | 1.877 | | **1.877** |
| **Состојба 31.12.2017 година** | **67.848** | - | **67.848** |